КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово
Никола Тесла бр. 160 Куманово
ЕДБ: 4017991119390
НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД Скопје
Жиро Сметка: 210-0420481601-16

KVALITET PROM

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ОКОЛИНА И ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

**КВАЛИТЕТ ПРОМ** ја утврдува оваа политика за квалитет, околина и здравје и безбедност при работа заради обезбедување на услугите кои им ги испорачува на клиентите, во целост да ги исполнуваат нивните барања и да бидат според важечките законски прописи и национални и меѓународни стандарди.

Насоченоста кон потребите на клиентите и задоволството на клиентите од извршената работа се најважните вредности според кои **КВАЛИТЕТ ПРОМ** ја мери и ја одредува својата вкупна успешност.
**За постигнување, одржување и зајакнување на тие вредности, трајно се обврзуваме:**

- Да вработуваме стручен и амбициозен персонал кој ќе има можност и обврска постојано да се развива и усовршува
- Да набавуваме најсовремени материјали и опрема, како и да ја одржуваме и подобруваме инфраструктурата и околината за пријатна работа
- Да негуваме и развиваме партнерски односи со добавувачите
- На клиентите да им нудиме најоптимални и целосни решенија
- Да реализираме решенија кои во целост ги подржуваат барањата и потребите на клиентите
- Да водиме грижа за животната средина и околина
- Рационално да ја трошиме енергијата, суровините и останатите природни ресурси
- Да спречуваме создавање на отпад и вршиме класифицирање на отпадните материјали според можностите за нивно рециклирање
- Да бидеме одговорни кон вработените преку воведување на безбедносни мерки, намалување на ризикот од повреди и здравствени проблеми
- Да соработуваме со сите заинтересирани страни со отворен и културен дијалог, со цел заеднички да се допринесе за подобрување на безбедноста и здравјето при работата
- Да ја применуваме и подобруваме ефикасноста на системите за управување со квалитет, околина и здравје и безбедност при работа, втемелени на барањата на меѓународните норми ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и ISO 45001:2018 и да тежнееме кон надминување на висината на тие барања
- Да поставуваме амбициозни, мерливи и остварливи цели за квалитет, околина и здравје и безбедност при работа.

Секој вработен во компанијата мора да биде запознат со политиката за квалитет, околина и здравје и безбедност при работа, да ја прифати и почитува како трајно начело во сопственото работење.

Куманово, 01.03.2019

**КВАЛИТЕТ ПРОМ ДООЕЛ**

**Тони Каранфиловски**